Врз основа на член 15 став 1 алинеја 1 и 8 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ,Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на седницата одржана на 01 .11 .2019 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

## За поддршка на малите здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на поддршка на малите здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

### Член 2

За мали здруженија се сметаат здруженија кои бројат до 2000 членови, а со цел да се подржат и поттикнат нивните активности и работа и решавање на нивни проблеми за кои тие не се финансиски моќни.

Активности кои ќе бидат помогнати од СЗПМ:

- Оформување на веб подстраница
- Отворање и доопремување на клубови
- Неопходни тековни одржувања и санации
- Оформување социјална карта
- И други активности за кои ќе оцени ИО на СЗПМ

### Член 3

Средства ќе се доделуваат 2 пати годишно

### Член 4

Барателот треба да поднесе комплетна документација, а по завршување на работата и извештај како се потрошени средствата. Ако не ги потроши средствата ги враќа на СЗПМ

**Член 5**

За барањата се формира листа со приоритет на итност, а во случај на еднаква итност тогаш се одлучува по правото кој прв побарал.

Во текот на постапката можат да се бараат и дополнителни податоци да бара и дополнителни докази.

**Член 6**

Барањето со сите поднесоци се доставува до архивата на СЗПМ лично, по пошта или по електронски пат.

**Член 7**

Барањата поднесени до денот на примената на овој правилник се решаваат согласно одредбите на овој правилник.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

**24.4.2019година** **Станка Трајкова**
**Скопје** **претседател на СЗПМ**